# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието

## ЈАНУАРИ 2013

---

## I. СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

- **Подготовка на годишен план на активности**. Тимот на ПМИО во овој период го подготвуваше планот на активности кои ќе се спроведуваат во 2013 година и годишните извештаи на сите активности кои беа реализирани во првата пилот година на Проектот.

**Компонента 1 – Информирање на јавноста и заедниците**

- **Посета на Модел Училишта.** Во текот на месецот, тимот на ПМИО учествуваше на презентациите кои беа одржани од страна на модел училиштата, со цел да се презентираат досегашните резултати и насоките кои училиштата ги планираат кон подобрување на меѓуетничката интеграција во образованието.
- **Сите активности** на ПМИО се претставени преку редовно ажурирање на страницата www.pmio.mk која во 2012 година е посетена **13.303 пати.** Настаните во рамки на проектот во 2012 биле повеќе од **130 пати медиумски покриени** (емитувани и со натписи).

**Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците**

- **Дисеминација на обуки за меѓуетничка интеграција во пилот училиштата**. Во 4 основни и средни училишта (од вкупно 58 пилот училишта) беа спроведени обуки за дисеминација на училишно ниво, со цел да им се пренесе на учесниците концептот за меѓуетничка интеграција во образованието. Во текот на обуките училишните обучувачи имаа стручна поддршка од мастер обучувачите/ментори и од Лоја и Сумнал како партнер организации на ПМИО.
- **Студија на случај: Кариерниот развој во мултикултурна средина.** Учениците од средните училишта „Арсени Јовков“ – Скопје, „8 Септември“ - Тетово, „Јане Сандански“ - Струмица и „Таки Даскало“ – Битола продолжуваат со средби под менторство од партнер организацијата “Моја кариера“ и од наставниците за изготвување на студија на случај - истражување на кариерниот развој во мултикултурна средина и изготвување на видео приказна.

**Компонента 3 – Модел училишта**

- **Консултативни средби со Училишните тимови за интеграција.** Беа одржани четири средби, по една во секое модел училиште, со цел да се споделат досегашните позитивни искуства од спроведувањето на проектните активности во училиштата, како и идентификуваните насоки за подобрување, односно засилување на ефектите од проектот.
- **Училишни презентации на проектните активности.** Во четирите модел училишта, беа организирани презентации на реализираните активности пред претставници од БРО, ДПИ, ЦСОО, претставници на општините одговорни за

образование, претставници од советот на родители, претставници од училишните одбори, претставници од невладини организации како и наставници од самото училиште. Презентациите имаа за цел претставниците од институциите да се запознаат со воведените промени во модел училиштата. Презентациите беа засилени со прикажување на кратки видео исечоци од некои реализирани активности, а во едно училиште имаше и кратка сцена од драма.

- **Спроведување тестирање за стереотипи и предрасуди со ученици, учесници во мултикултурни работилници.** Во периодот 29 јануари – 1 февруари се зададе пред-тестирање на сите вклучени ученици од средните модел училишта, како и на сите вклучени ученици од предметна настава од основните модел училишта. Планирано е тестирањето да се повтори со истите учесници на крајот од учебната година, по завршување на програмата „Мултикултурни работилници".
- **Снабдување на модел училиштата со материјали за реализирање на мултикултурните работилници.** На сите модел училишта им беа доставени прирачниците и други работни материјали неопходни за реализирање на мултикултурните работилници.

**Компонента 4 – Стимул за училиштата**

- **Подготовка на тендерска документација**. Дефинирање на листа на алати за одржување на реновираните училишните згради во рамки на ПМИО и подготовка на тендерска документација за нивна набавка.
- **Избор на општини и училишта за 2013**. Избор на 149 основни и средни училишта од 30 општини кои ќе се поканат да аплицираат за учество во компонента 4 во 2013 година.
- **Презентација на достигнувањата во 2012.** Беше организиран состанок со Министерство за образование и наука-Одделение за капитални инвестиции и состанок за работната група на оваа компонента, со цел да се претстават постигнувањата од 2012 година и планот на активности за 2013 година.
- **Учество на општините и училиштата при реновирањето.** Се соработуваше со општините и училиштата за обезбедување на потребната документација и подготовка на извештаи за нивното учество во покривањето на дел од трошоците за реновирање. До крајот на јануари беа потпишани документи за учествата на општините и училиштата во шест проекти за реновирање. Нивните учества во вкупната инвестиција се движат во рамки од 18 до 46%.

**Мониторинг и Евалуација**

- **Подготовка на извештај од теренското истражување.** Во овој период се подготвуваше извештајот од теренското истражување реализирано во 21 училишта и четирите пилот општини. Податоците од фокус групите, од интервјуата и од прашалниците ќе се прикажат во еден заеднички извештај од теренското истражување.
- **Мониторинг активности.** Реализација на посета на едно училиште во Тетово и две училишта во општина Бутел во кои се спроведува дисеминација на обуките во рамките на компонентата 2 со цел да се набљудуваат спроведените активности.
- **Активности за евалуација.** Прашалниците за евалуација на ефектите од мултикултурните работилници се финализираа. Овие инструменти се задаваа во четирите модел училиштата во кои ќе се спроведуваат мултикултурни работилници со цел да се мери ефектот од овие активности.

## II. ПРЕТСТОЈНИ АКТИВНОСТИ ЗА СЛЕДНИОТ МЕСЕЦ

**Компонента 1 – Информирање на јавноста и заедниците**

- Тридневна работилница за годишен комуникациски план на активности во соработка со партнер организацијата Македонски Институт за Медиуми (МИМ) со цел да се создаде заеднички годишен комуникациски план на активности од страна на сите компоненти.
- Организирање на средба *"На кафе со..."* со новинар и/или уредник на медиум со цел да се зајакне соработката и да се зголеми присуството на позитивни примери во медиумските содржини во врска со меѓуетничките интеграција во образованието.
- Промоција на четири видео производи, кои беа направени во текот 2012 година, како резултат на 10 креативни работилници во средното училиште Арсени Јовков.
- Одржување на состаноци на Партнерски работен совет на ПМИО со цел редовно споделување на информации, донесување заеднички одлуки и совети.
- ПМИО заедно со партнер организацијата ЦИУ Мултимедиа, ќе организира креативни работилници за учениците користејќи драма, сликарството, концерти, и слично со цел учениците да можат да се изразат преку некој вид уметност и да го поврзат со секојдневниот живот.

**Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците**

- Планирање на активности со партнер организациите Лоја и Сумнал за менторска поддршка на пилот училиштата во изработка на анекс на Годишната програма кој што треба да опфати конкретни активности за меѓуетничка интеграција во образованието.
- Организација на работилница со мастер обучувачи за рефлексија на дисеминација на обуките во пилот училиштата.
- Дефинирање на концептот на модулот за напредно ниво за повеќејазичните училишта.
- Подготовка на модул за обука за менторска поддршка во училиштата и изработка на инструменти.
- Студија на случај: Кариерниот развој во мултикултурна средина. Тимовите од ученици ќе работат на изготвување на видео приказна поврзана со спроведеното истражување во избрана компанија.

**Компонента 3 – Модел училишта**

- Посета на потенцијални нови модел училишта и избор на две нови партнер модел училишта.
- Реализирање на заеднички ученички активности од страна на наставници во модел училиштата.
- Започнување со реализирање на мултикултурни работилници во сите модел училишта.
- Реализирање на средби за поддршка со училишниот персонал одговорен за реализирање на проектните активности.
- Обука за координаторите на ученичката партиципација и претставници на училишните заедници за зајакнување на ученичката партиципација.
- Консултативна средба помеѓу ЦЧПРК и партнер организациите Лоја и Сумнал.
- Обука за членовите на СИТ-овите.

**Компонента 4 – Стимул за училиштата**

- Покана за аплицирање до избраните училишта.
- Набавка на алат за реновираните училишта.
- Собирање на пристигнатите апликации од училиштата - оценување на пристигнатите апликации од членовите на работната група.
- Евалуација на највисоко оценетите 20-те апликации со директно вклучување на тимот на компонентата за зајакнување на капацитетите на наставниците.
- Менторски сесии за деталните планови за одржување и процедурите за одржување во 11 пилот училишта.
- Состаноци за следење на работата на училиштата во 11 пилот училишта.

**Мониторинг и Евалуација**

- Планирани се редовни средби со координаторите на компонентите околу подготовка на инструменти за мониторинг.
- Подготовка на систем за прибирање на податоци и нивно сублимирање и анализа.
- Мониторинг на активностите кои што се спроведуваат во рамките на компонентите.
- Внесување на податоците од прашалниците за евалуација на ефектот, од спроведувањето на мултикултурните работилници.